# ЗАПИСНИК

од првата конститутивна седница на Генералното Собрание на ЗЕЛС,
Скопје, 18 декември, 2025 г.

**<u>Присутни</u>**:

Орце Ѓорѓиевски (Градоначалник на Град Скопје), Горан Герасимовски (Градоначалник на Општина Центар), Блаже Шапов (Градоначалник на Општина Богданци), Александар Георгиевски (Градоначалник на Општина Илинден), Драганчо Саботковски (Градоначалник на Општина Могила), Ѓорѓе Божинов (Градоначалник на Општина Ново Село), Кирил Пецаков (Градоначалник на Општина Охрид), Борче Митевски (Градоначалник на Општина Петровец), Александар Китански (Градоначалник на Општина Пехчево), Алија Јаоски (Градоначалник на Општина Пласница), Тони Тоневски (Градоначалник на Општина Пробиштип), Љупче Почивалец (Градоначалник на Општина Радовиш), Даниел Павловски (Градоначалник на Општина Ранковце), Ѓорѓи Крстевски (Градоначалник на Општина Росоман), Мухамет Елмази (Градоначалник на Општина Сарај), Мирослав Славковски (Градоначалник на Општина Старо Нагоричане), Менди Ќура (Градоначалник на Општина Струга), Петар Јанков (Градоначалник на Општина Струмица), Даут Мемиши (Градоначалник на Општина Теарце), Мухамет Муртези (Претседател на Совет на Општина Чаир), Даме Димитровски (Претседател на Совет на Град Скопје), Бобан Стефковски (Градоначалник на Општина Гази Баба), Киро Нацков (Градоначалник на Општина Градско), Златко Силјаноски (Градоначалник на Општина Дебрца), Мирјана Јаневски (Претседател на Совет на Општина Демир Капија), Блерим Исљами (Градоначалник на Општина Долнени), Блерим Сејдиу (Градоначалник на Општина Желино), Коста Маневски (Градоначалник на Општина Зелениково), Димитар Костадиноски ( Градоначалник на Општина Јегуновце), Сотир Лукровски (Градоначалник на Општина Карпош), Александар Јовановски (Градоначалник на Општина Кичево), Стевче Стевановски (Градоначалник на Општина Новаци), Дејан Проданоски (Градоначалник на Општина Прилеп), Јане Мицевски (Градоначалник на Општина Сопиште), Ејуп Абази (Градоначалник на Општина Студеничани), Суат Шаќиров (Градоначалник на Општина Чашка), Дејан Митески (Градоначалник на Општина Аеродром), Даут Беќири (Градоначалник на Општина Арачиново), Петар Ружински (Градоначалник на Општина Берово), Ѓоко Камчев (Градоначалник на Општина Валандово), Спасе Кочовски (Градоначалник на Општина Вевчани), Марко Колев (Градоначалник на Општина Велес), Митко Костадиновски (Градоначалник на Општина Виница), Фети Абази (Градоначалник на Општина Боговиње), Дарко Костовски (Градоначалник на Општина Бутел), Фисник Мела (Градоначалник на Општина Дебар), Иван Гоцевски (Градоначалник на Општина Делчево), Илија Тентов

(Градоначалник на Општина Дојран), Александар Стојкоски (Градоначалник на Општина Ѓорче Петров), Ванчо Митев (Градоначалник на Општина Зрновци), Виктор Паунов (Градоначалник на Општина Карбинци), Бети Стаменкоска-Трајкоска (Градоначалник на Општина Кисела Вода), Златко Ристов (Градоначалник на Општина Конче), Владко Грозданов (Градоначалник на Општина Кочани), Љупчо Спиров (Претседател на Совет на Општина Кратово), Нико Чонески (Градоначалник на Општина Крушево), Еркан Арифи (Градоначалник на Општина Липково), Бошко Цветковски (Градоначалник на Општина Лозово), Онер Јакупоски повереник на Влада, Општина Маврово и Ростуше), Соња Стаменкова (Градоначалник на Општина Македонска Каменица), Жарко Ристески (Градоначалник на Општина Македонски Брод), Марија Нацева (Градоначалник на Општина Неготино), Биљал Касами (Градоначалник на Општина Тетово), Јорданче Костадинов (Градоначалник на Општина Чешиново-Облешево), Зоран Бајовски (Градоначалник на Општина Чучер-Сандево), Курто Дудуш (Градоначалник на Општина Шуто Оризари), Јован Тозиевски (градоначалник на Општина Ресен), Тони Коњановски (Градоначалник на Општина Битола).

**Расправа**:

Согласно доставената покана за првата конститутивна седница на Генералното Собрание на ЗЕЛС, овој орган ќе заседава по следниот:

# ДНЕВЕН РЕД

1. Одлука за избор на членови во работното претседателство на првата конститутивна седница на Генералното Собрание на ЗЕЛС;
2. Одлука за избор на Верификациона Комисија;
3. Одлука за избор на Кандидациона Комисија;
4. Одлука за избор на членови во Комитетот на Советите на ЗЕЛС;
5. Одлука за избор на членови на Управниот Одбор на ЗЕЛС;
6. Одлука за избор на членови на Надзорниот одбор на ЗЕЛС;
7. Обраќање на новиот претседател на ЗЕЛС;
8. Усвојување на Стратешки план на ЗЕЛС 2026-2030;
9. Усвојување на Финансискиот и Акцискиот план на ЗЕЛС за 2026 г.;
10. Разно - Дискусија;

**ПРВА ТОЧКА**: Одлука за избор на членови во работното претседателство на првата конститутивна седница на Генералното Собрание на ЗЕЛС;

Седницата на Генералното Собрание ја отвори Извршниот директор на ЗЕЛС со честитка за новиот мандат до градоначалниците, делегати на Генералното Собрание. Во име на Генералната Собрание Извршниот директор упати предлог за избор на членови во работното претседателство, и тоа г. Орце Ѓорѓиевски, градоначалник на Град Скопје, г. Горан

Герасимовски, градоначалник на општина Центар и градоначалник на општина Желино, г. Блерим Сејдиу.

**ОДЛУКА**: Генералното собрание едногласно го избра работното претседателство на првата Конститутивна седница во состав: г. Орце Ѓорѓиевски, градоначалник на Град Скопје, г. Горан Герасимовски, градоначалник на општина Центар и градоначалник на општина Желино, г. Блерим Сејдиу.

Работното претседателство го презеде водењето на седницата.

## **ВТОРА ТОЧКА**: Одлука за избор на Верификациона Комисија;

Согласно усвоениот дневен ред до делегатите беше упатен предлог за избор на членови во верификационата комисија во состав:

1. Виктор Паунов- градоначалник на Општина Карбинци
2. Даут Беќири– градоначалник на Општина Арачиново
3. Блаже Шапов - градоначалник на Општина Богданци

**ОДЛУКА**: Генералното Собрание едногласно донесе Одлука за избор на членови на Верификационата Комисија.

Претставникот на Верификационата комисија пред Генералното собрание констатираше дека присутни се 68 (шеесет и осум) делегати од вкупно 82, а со тоа Генералното собрание може полноправно да одлучува.

## **ТРЕТА ТОЧКА**: Одлука за избор на Кандидациона Комисија;

Работното претседателство до делегатите на Генералното собрание упати предлог за избор на членови во Кандидационата комисија во состав:

1. Марија Нацева - градоначалник на Општина Неготино
2. Мухамет Елмази - градоначалник на Општина Сарај
3. Александар Стојкоски - градоначалник на Општина Ѓорче Петров

***

*(следи расправа по 5-та точка, заради специфичноста на донесување на Одлуката од 4-та точка)*

## **ПЕТТА ТОЧКА**: Одлука за избор на членови на Управниот Одбор на ЗЕЛС;

Претставникот на Кандидационата комисија пред делегатите Генералното собрание го изнесе предлогот за избор на членови во Управниот одбор на ЗЕЛС.

**ОДЛУКА**: Согласно предлогот на Кандидационата комисија, Генералното собрание донесе едногласно Одлука со која за членови во Управниот одбор ги избира следните делегати:

1. Орце Ѓорѓиевски – градоначалник на Град Скопје – член по функција
2. Изет Меџити - градоначалник на општина Чаир

3. Горан Герасимовски - градоначалник на општина Центар
4. Соња Стаменкова - градоначалник на општина Македонска Каменица
5. Еркан Арифи - градоначалник на општина Липково
6. Фисник Мела- градоначалник на општина Дебар
7. Блерим Сејдиу – градоначалник на општина Желино
8. Бобан Стефковски- градоначалник на општина Гази Баба
9. Максим Димитриевски- градоначалник на општина Куманово
10. Дејан Митески- градоначалник на општина Аеродром
11. Јане Мицевски градоначалник на општина Сопиште
12. Борче Митевски – градоначалник на општина Петровец
13. Иван Јорданов – градоначалник на општина Штип
14. Дејан Владев – градоначалник на општина Свети Николе
15. Ѓорѓе Божинов – градоначалник на општина Ново Село
16. Петар Јанков градоначалник на општина Струмица
17. Митко Јанчев градоначалник на општина Кавадарци
18. Тони Коњановски – градоначалник на општина Битола
19. Кирил Пецаков – градоначалник на општина Охрид

**ШЕСТА ТОЧКА**: Одлука за избор на членови на Надзорниот одбор на ЗЕЛС;

Претставникот на Кандидационата комисија на Генералното собрание му достави предлог за избор на членови во Надзорниот одбор на ЗЕЛС.

ОДЛУКА: На предлог на Кандидационата комисија, Генералното собрание едногласно донесе Одлука за избор на членовите во Надзорниот одбор и тоа:

1. Фети Абази – градоначалник на Општина Боговиње
2. Ванчо Митев- градоначалник на Општина Зрновци
3. Дејан Проданоски - градоначалник на Општина Прилеп
4. Димитар Костадиноски - градоначалник на Општина Јегуновце
5. Марко Колев - градоначалник на Општина Велес

* * *

**НАПОМЕНА**: Управниот одбор на ЗЕЛС и Надзорниот одбор на ЗЕЛС одржаа свои први конститутивни седници истиот ден кога се одржа седницата на Генералното собрание, односно на ден 18.12.2025 г. (во периодот помеѓу две сесии на Генералното собрание на ЗЕЛС). Со Одлука на Управниот одбор за Претседател е избран г. Орце Ѓорѓиевски, градоначалник на град Скопје, а за двајца Потпретседатели се избрани г. Изет Меџити, градоначалник на општина Чаир и г. Горан Герасимовски, градоначалник на општина Центар.

Со Одлука на Надзорниот одбор, за Претседател на овој орган на ЗЕЛС е избран г. Дејан Проданоски, Градоначалник на општина Прилеп.

Согласно Статутот на ЗЕСЛ, Претседателот и двајцата Потпретседатели на Управниот одбор се истовремено и Претседател и Потпретседатели на ЗЕЛС.

***

**СЕДМА ТОЧКА:** Обраќање на новиот претседател на ЗЕЛС;

Претседателот на ЗЕЛС се обрати на присутните делегати изразувајќи благодарност за довербата која му е дадена, повика на сплотеност, заедништво и едногласна одбрана на ставовите на локалната самоуправа пред Владата. Тој ги реафирмираше ставовите за поголема финансиска независност, прашањето за дополнителна децентрализација во сферата на социјалната заштита, зголемување на приходите од ДДВ и персонален данок на 10% и 50%, реализација на проектот - комунална полиција, реформа на јавните претпријатија и многу други проекти.

**ОСМА ТОЧКА:** Усвојување на Стратешки план на ЗЕЛС 2026-2030;

Извршниот директор на ЗЕЛС г-ца Душица Перишиќ, на делегатите на Генералното собрание детално им го образложи Стратешкиот план на ЗЕЛС за периодот 2026-2030 година, укажувајќи дека процесот на изготвување на овој стратешки документ претпоставуваше консултација со сите општини и тоа трите нивоа на структури на општините како што се градоначалниците, општински совети и општинска администрација. Од страна на сите нивоа на структура на единиците на локалната самоуправа беа прибрани предлози кои специјално формираната комисија од страна на Управниот одбор за утврдување на содржината на Стратешкиот план ги разгледуваше и одлучуваше дали истите да бидат составен дел од самиот Стратешки план. Денес, во форма како што е утврдена од страна на Управниот одбор на ЗЕЛС, во состав на минатиот мандат на градоначалници, до Генералното собрание е доставен овој Предлог - Стратешки план. Стратешкиот план има три цели тоа: лобирање и застапување, услуги и јакнење на капацитетите на општините. За сите стратешки цели во следните четири години се предвидени бројни активности.

**ОДЛУКА**: Генералното собрание на ЗЕЛС едногласно донесе Одлука за усвојување на Стратешкиот план на ЗЕЛС за периодот 2026-2030 година.

**ДЕВЕТТА ТОЧКА**: Усвојување на финансискиот и акцискиот план на ЗЕЛС за 2026 г.;

На присутните делегати на Генералното собрание им беше презентиран и финансискиот план за работата на ЗЕЛС во 2026 година (буџет на ЗЕЛС) и Акцискиот план на ЗЕЛС, кои од Стратешкиот план преточени во годишен акциски план се предвидени средства за тековна работа и реализација на бројни активности. Беше истакнато дека делегатите на Генералното собрание мора да бидат свесни дека претходниот состав на Генералното собрание донесе Одлука за утврдување на надомест за тековно одржување и складирање на податоците на информациските системи со кои располага ЗЕЛС. Со одлуката за утврдување на овој надомест се предвидува и мерка која ќе се примени во случај на неисплатена обврска на општините кога истите ќе им биде ограничен пристапот до дел од електронските услуги со кои управува ЗЕЛС.

**ОДЛУКА**: Генералното собрание едногласно го усвои финансискиот план за работа на ЗЕЛС за 2026 година (буџет на ЗЕЛС) и Акцискиот план за работа на ЗЕЛС за 2026 г.

***

**ЧЕТВРТА ТОЧКА**: Одлука за избор на членови во Комитетот на Советите на ЗЕЛС;

(разгледана по овој редослед, а во дневниот ред е утврдена како 4-та точка)

На делегатите на Генералното собрание им беше предложено да донесе Одлука за еднократно пренесување на правото за донесување на Одлука за избор на членови во Комитетот на совети при ЗЕЛС во име на Генералното собрание од страна на Управниот одбор на ЗЕЛС.

Претседателот на ЗЕЛС образложи дека оваа Одлука се предлага со оглед на сложената процедура за утврдување на членовите во овој орган, што подразбира предлозите за членови во овој орган да бидат утврдени од страна на регионалните тела во кои членуваат Претседателите на совети на општините од поединечните осум статистички региони во Републиката, кои заедно со Претседателот на Советот на градот Скопје го сочинуваат овој орган кој брои вкупно 9 членови.

Заради претстојната активност на утврдување на предлозите за членови во овој орган претседателот ги повика делегатите на Генералното собрание да донесат одлука како што е образложено.

**ОДЛУКА**: Генералното собрание на ЗЕЛС едногласно донесе Одлука со која еднократно го овластува Управниот одбор во име на Генералното собрание да донесе Одлука за утврдување на составот на членовите на Комитетот на совети како орган на ЗЕЛС.

***

**ДЕСЕТТА ТОЧКА** – Разно

Во рамките на оваа точка немаше дискусија.

Скопје 18 декември, 2025 г.

Претседател,
Орце Ѓорѓиевски

Составил,
Стручна служба на ЗЕЛС